**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27-09-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4585 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Мониторингот опфати десет изданија на ТВ Дневникот од 19 часот и 30 минути, емитувани во периодот од 12 до 21 септември, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 3 часа 29 минути и 53 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ1 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:14:35 | 6,95 % |
| Без субјекти | 00:10:10 | 4,84 % |
| Други субјекти | 00:30:17 | 14,43 % |
| СДСМ | 00:14:25 | 6,87 % |
| Влада на РМ | 00:19:31 | 9,30 % |
| Експерти/аналитичари | 00:16:39 | 7,93 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:34 | 5,51 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:49 | 0,39 % |
| Собрание на РМ | 00:07:50 | 3,73 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:32:48 | 15,63 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:20 | 0,16 % |
| Левица | 00:00:38 | 0,30 % |
| Судство | 00:02:35 | 1,23 % |
| Граѓански сектор | 00:12:52 | 6,13 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:45 | 2,74 % |
| ДИК и други органи | 00:00:18 | 0,14 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:04 | 0,98 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:11 | 1,04 % |
| Специјално обвинителство | 00:17:03 | 8,12 % |
| Демократски сојуз | 00:00:59 | 0,47 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:47 | 0,37 % |
| ДУА - Демократска унија на Албанците | 00:00:26 | 0,21 % |
| Претседател на РМ | 00:04:41 | 2,23 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:36 | 0,29 % |
| | **Вкупно: 03:29:53** | **100 %** |

Примарно место во структурата на ТВ Дневникот 2, централната информативна емисија емитувана од 19 часот и 30 минути со просечно ефективно времетраење од дваесеттина минути за тековните општествени и внатрешно-политички настани, во периодот од 12 до 21 септември редовно им се отстапува на настани поврзани пред сè со реални граѓански теми од различни домени на општественото секојдневие. Новинарската обработка на широкиот репертоар актуелни и актуелизирани теми - социјални, економски, здравствени, образовни (*на пример: квалитетот на продуктите од земјоделски обработливата почва во поплавените подрачја; активности за санирање штети по серијата земјотреси во скопско; ревитализација на поплавените подрачја; регионални еколошки и економски штети од дрвократството; синдикални (ре)акции; спроведување државни и меѓународни образовни политики со почетокот на новата учебна/академска година; здравствена политика во однос на граѓани со ретки болести*), направена е главно преку информативниот капацитет на жанрот - извештај со коментар, но, при обработката на општествените настани што претставуваат причина за континуиран, повеќемесечен тематски третман, беше користена и - репортажата, како жанровски приод со пошироки информативни и продукциски потенцијали.

Конструктивна тенденција за содржинско контекстуализирање, односно сукцесивно градење тематски целини, се покажа кај прилозите за актуелни настани, најчесто врамени во класичните облици на вест (вест во низа) и на извештај, што се однесуваа на главните дебати во Собранието на Република Македонија (*јавната дебата за постојниот статус на Комисијата за верификација на фактите; Надзорната расправа за работата на Комисијата за финансирање и буџет за обештетување на семејствата од поплавените подрачја во скопско; Ребалансот на буџетот и расправата за проекциите на државниот буџет за 2017 година; дебатата за шестмесечниот извештај од работата на Специјалното јавно обвинителство*). Во овие прилози посебно е забележливо настојувањето да се извлече плуралитет од поентите на политичките расправи, било преку минутажата остапена за различните партиски гледишта било преку презентирање општи (јавни) политички становишта, но и преку селекцијата т.н. *„директни обраќања“* – (тонски) цитати од кажаното. Во прилог на содржинското контекстуализирање на овие актуелни политички теми, посебно треба да се истакне отворањето можност во ТВ Дневникот за експертски интерпретации (*академска аргументација за структурата на државниот буџет за 2017 година*), за граѓански иницијативи и становишта (*Меѓународна конференција за засилување на можностите за граѓански увид во начинот на трошење буџетски средства; реакцијата на Обединетата македонска дијаспора до државните институции, во врска (не)соодветниот избор економски промотори во странство*), како и за презентирање проектни активности на ЕУ (*помош во прекуграничната, економска регионална соработка; извештај од Европскиот ревизорски суд за начинот по кој се трошени парите од ИПА и од ИПАРД фондовите за Западен Балкан*).

Во неколку последователни изданија на ТВ Дневникот 2, како важна политичка тема обработена вон стандардната новинарска форма на извештај од споменатите собраниски расправи, се наметна барањето решение за прераспределба на гласачкото тело опфатено со шестата изборна единица. Новинарски, темата беше презентирана развојно – актуелно/актуелизирачки – прво преку сопоставување изјави од претставници на партиите потписнички на т.н. „Договор од Пржино“, потоа со изјави од Министерството за правда и од Александар Чичаковски, претседателот на Државната изборна комисија, но и преку стручен коментар што ги зема предвид ставовите и искуството на Александар Новаковски, поранешнот претседател на ДИК. Со вести во низа, пак, Дневникот 2 на МРТ1 известуваше и за учеството на Ѓорге Иванов, претседателот на Република Македонија, на различни активности од 71-та сесија на Генералното собрание на ООН.

*<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>*

| МРТ1 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:07 | 5,20 % |
| Други субјекти | 00:10:57 | 13,84 % |
| СДСМ | 00:05:50 | 7,37 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:00 | 6,32 % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:07 | 7,73 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:35 | 0,74 % |
| Влада на РМ | 00:07:52 | 9,94 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:26 | 0,55 % |
| Левица | 00:00:21 | 0,44 % |
| Граѓански сектор | 00:05:18 | 6,70 % |
| ДИК и други органи | 00:00:09 | 0,19 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:15:54 | 20,09 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:59 | 1,24 % |
| Специјално обвинителство | 00:09:05 | 11,48 % |
| Собрание на РМ | 00:01:11 | 1,50 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Демократски сојуз | 00:00:42 | 0,88 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:25 | 0,53 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:41 | 0,86 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:17 | 1,62 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:56 | 2,44 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:16 | 0,34 | % |
| | **Вкупно: 01:19:08** | **100** | **%** |

Информативната редакција на МРТ1 одржува уредувачка дистанца од можното монополизирање на информативното време за проследување стриктно партиски активности – предизборни ветувања или меѓупартиската конфронтација преку прес-конференции и соопштенија - така што ваквите прилози најчесто ги врамува во жанрот вест, и ги поместува во пониските структурни нивоа на централната информативна, внатрешно-политичка целина од ТВ Дневникот 2. Мониторингот од 12 до 21 септември, покажа дека освен прес-конференцијата на партијата Демократски сојуз („*Барање да се воспостави ефикасен систем за превенција од непогоди*"), како и изјавите на партиски челници во врска со можните решенија за диспаритетот во Шестата изборна единица, сите други - ретки прилози, со кои се проследени ветувања и партиски проекции, произлегуваат од спротивставените становишта на комуникациските центри на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ („*СДСМ ветува повисока минимална плата*" / „*Економските проекти – приоритет за ВМРО ДПМНЕ*"; „*ВМРО ДПМНЕ – промовирани 4 мерки за напредок во спортот*" / „*СДСМ: Замрени се традиционалните спортови*"). Но, кога опозицискиот СДСМ организира активност во функција на коректив на тековни владини политики или на политики на локалната самоуправа, тогаш редовно е презентиран став на надлежно министерство или на овластен орган од државната или од локалната управа („*СДСМ: Во АВРМ има непријавени работници* / „*АВРМ: Ревизорскиот извештај е погрешно протолкуван*").

Во десетдневниот период за мониторингот регистрирани се три интервјуа на оопштествено-политички теми, емитувани во рамките на централниот ТВ Дневник 2: на 15 септември интервју со Саит Саити, секретар на Црвениот крст на Република Македонија, на 17 септември интервју со Самуел Жбогар, шеф на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија, и на 19 септември интервју со специјалната јавна обвинителка Катица Јанева.

***Посебни информативни емисии***

На 13 септември премиерното издание на емисијата „Од наш агол" за тема ги има: „Економските перспективи на државата низ призмата на науката", а дебатираат професорите Томе Неновски од „Американ колеџ" и Игор Ивановски од „Економскиот факултет" во Скопје. Емисијата е репризирана на 14 и на 17 септември. Премиерно на 20 септември, во истата емисија, на тема - глобалните и регионалните предизвици од бегалската криза, гостуваат Сузана Салиу, директорка на државниот Центар за управување со кризи, и Љупчо Маркудов, началник на Единицата за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти при МВР. Реприза на ова издание е емитувана на 21 септември.

На 23 септември, МРТ1 емитуваше 20 минути снимка од обраќањето на Ѓорге Иванов, претседателот на Република Македонија, на 71-то Генерално заседание на ООН.

***Сектор за програмски работи***